СЕКТОР ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И УПРАВНИ И НАДЗОРНИ РАБОТИ

# Извештај за извршен надзор на законитоста на работата од областа на животната средина на општина Чучер Сандево

Комисијата за вршење надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје формирана со Решение бр. 19-323/1 од 14.01.2020 година, а врз основа и согласно Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје донесен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. 19-323/2 од 14.01.2020 година, изврши надзор на спроведувањето на законите од областа на животната средина на општина Чучер Сандево.

Согласно постоечката состојба со вирусот КОВИД 19 и неможноста да се изврши надзор во општините на лице место, надзорот е извршен врз основа на пополнување на Прашалник подготвен од МЖСПП односно врз основа на добиен пополнет прашалник од страна на општина Чучер Сандево.

Прашалникот е одговорен од страна на Убавка Шкакарова и потпишан од градоначалникот на општината Јован Пејковски.

Надлежностите во врска со ЛЕАП-от општината Чучер Сандево ги нема завршено.

Активностите кои произлегуваат од Законот за животна средина а кои се однесуваат на издавање на Б интегрирани еколошки дозволи се спроведуваат од страна на општината, има издадено 4 дозволи и уште 3 се во постапка на одобрување. Капацитетот на општината со кој располага во делот на постапката за одобрување на елаборати е едно вработено лице Убавка Шкакарова.

Во врска со постапката за одобрување на елаборати за животната средина утврдено е дека во општина Чучер Сандево се одвива постапката за одобрување на елаборати за заштита на животната средина. Во 2019 година се одобрени 6 елаборати, додека во 2020 година има одобрено 4 елаборати.

Се забележува дека истото лице, Убавка Шкакарова е задолжена за одобрување на елаборати, за водење на постапка за издавање на Б ИЕД а истовремено е и овластен инспектор за животна средина, а исто така и сите други работи кои се поврзани со животната средина се извршуваат од страна на истото лице, што не е законски

особено што не е дозволено ист службеник да одобрува елаборати и издава дозволи а потоа истиот да оди да прави надзор како инспектор за животна средина.

Општината Чучер Сандево нема воспоставено меѓуопштинска соработка.

Општината Чучер Сандево има донесено план за управување со отпад за период 2015-2019 кој е веќе изминат. Програмата за управување со отпад не е донесена. Општината нема одредено локација за претоварна станица. Подготвен консолидиран извештај со податоци доставени од правни и физички лица кои вршат дејности во делот управување со отпад, но не се доставува до МЖСПП. Нема пропишано посебни правила за постапување со отпад содржани во програмата за управување со отпад. На територијата на општината функционира ЈКП "Скопска Црна Гора" с. Мирковци кој врши собирање и транспорт на отпад. Не постои депонија за одлагање на инертен (градежен) отпад. Други активности во врска со управувањето со отпадот не се превземени.

Општина Чучер Сандево со договор за отстапување на пречистителна станица и канализациона мрежа е отстапена на користење на ЈКП Скопска Црна Гора која има прибавено комплетна документација и наскоро ќе достави барање за дозвола за испуштање на отпадни води.

Има донесено одлука за потреба од определување на заштитни зони за извор Дуло бр. 08-677/4 од 23.05.2019 година и е изготвен Елаборат за определување на заштитни зони и доставен до МЖСПП. Исто така донесена е одлука за потреба од определување на заштитни зони за извор Студенец бр. 08-583/3 од 30.06.2020. Во Општина Чучер има потреба од прогласување на нови заштитни зони.

Во однос на бучавата Општината Чучер Сандево нема преземено соодветни активности.

**Врз основа на сето горенаведено комисијата за вршењето на надзорот ги дава следните препораки:**

-Комисијата констатира дека надлежностите од областа на животната средина се дадени само на еден вработен и тоа понатаму треба да се промени. Веќе обучениот службеник кој што работи во делот на животната средина треба да биде со звање најмалку советник а исто така да се овластат најмалку уште двајца вработени во овој дел од кои едниот ќе извршува надлежности овластен инспектор за животна средина


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И УПРАВНИ И НАДЗОРНИ РАБОТИ

- Комисијата дава препорака во општината итно да изврши измена на систематизацијата на работни места на општината. Да се оформи посебно одделение за животна средина и да опфаќа работни места чиј опис и попис на работни места би ги опфаќале сите надлежности од областа на животната средина кои ги има општината.

- Општината веднаш да започне со спроведување на сите надлежности од областа на сите теми кои се опфатени со прашалникот

-Комисијата дава препорака во општината да се овозможи учество на стручни обуки на вработените во општината кои работат во делот на заштитата на животната средина особено во делот на управување со отпадот, со цел зајакнување на капацитетите во оваа општина.

-Потребно е општината да ги превземе предходно наведените укажувања и во рок од 6 месеци да го извести МЖСПП во однос на истото. Во спротивно министерството ќе биде принудено да постапи согласно член 212 од Законот за животна средина односно да ја одземе надлежноста на општината за сметка на општината.

Скопје, 19.10.2020 година

Претседател на Комисија
за вршење надзор на законитоста на работата
на органите на општината, на градот Скопје и
на општините во градот Скопје
Тања Пауновска


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk